Врз основа на член 37 од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19) и член 106 од Законот за општа управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/15) Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија на седницата одржана на 16 август 2021 година донесе

# Р Е Ш Е Н И Е
## за запирање на Приговор

1. Постапката поведена по поднесениот Приговор од ТОТАЛ Е & Л Кичево УП2 бр. 09 – 141/21 од 14 јуни 2021 година СЕ ЗАПИРА.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

### О б р а з л о ж е н и е

ТОТАЛ Е & Л Кичево до Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија поднесе Приговор УП2 бр. 09 – 141/21 од 14 јуни 2021 година, против Решение за согласност за приклучок на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје бр. 11-176 од 2 јули 2021 година издадено од КЕЦ Кичево, издадено поради непостоење на технички услови за приклучок.

Жалителот на 8 јули 2021 година достави Изјава во која изјавува дека го повлекува поднесениот Приговор.

Имајќи го предвид горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО**: Против ова Решение може да се поведе управен спор пред Управен суд на Република Македонија во рок од 30 дена од денот на приемот на истиот.

**УП2 бр. 09-141/21**
**16 август 2021 година**
**Скопје**

**Заменик Претседател**
**на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги**
**на Република Северна Македонија**
**Enver Elmazi**